**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1003-548/10**
**Скопје,27.10.2006 година**

**ДО**
**АГЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ И СПОРТ**
**Проект за јакнење на младите преку информации и знаење до подобри можности – грант од УНЕСКО**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Агенцијата за млади и спорт – Проект за јакнење на младите преку информации и знаење – грант од УНЕСКО за 2005 година, кои се прикажани на страните 3 и 4.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Државниот завод за ревизија нема вршено ревизија, ниту има издадено извештај за финансиските извештаи на сметката Проект за јакнење на младите преку информации и знаење до подобри можности – грант од УНЕСКО за годината која и предходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај, се одговорност на Проект за јакнење на младите преку информации и знаење до подобри можности – грант од УНЕСКО застапувано од:

- Георги Трајчев директор на Агенција за млади и спорт.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 3, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Конечен извештај е извршена во периодот од 29/08/2006 до 30/08/2006 година од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишна сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2005 година, дадени како составен дел на овој Конечен извештај е утврдено следното:

### 10.1. Ненаменско и незаконско користење на средства

10.1.1. За угостителски услуги и хотелско сместување на предавачите и слушателите на семинарите исплатено е 364 илјади денари без предходно спроведена постапка за јавна набавака.

**Препорака**

Целосно да се применуваат одредбите од Законот за јавни набавки со цел економично трошење на средствата и елиминирање на можноста за фаворизирање на одредени фирми.

11. Според наше мислење, финансиските извештаи вистинито и објективно ја претставуваат финансиската состојба на сметката Проект за јакнење на младите преку информации и знаење – грант од УНЕСКО под 31.12.2005 година и резултатот од финансиските активности за фискалната 2005 година.

12. Според наше мислење, освен во точката 10.1.1.остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции, кои преставуваат државни расходи.

**Скопје, 26/10/2006 година**

**Агенција за млади и спорт**
**Проект за јакнење на младите преку информации и знаења за подобри можности**
**грант УНЕСКО**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 година**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 728 | 751 |
| **Вкупно приходи** | | **728** | **751** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Стоки и услуги | 3.2. | 709 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **709** | **0** |
| | | | |
| **Вкупно расходи** | | **709** | **0** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **19** | **751** |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи - добивка пред оданочување** | | | |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | | **19** | **751** |

Образложенијата дадени од страна 5 до 7 се составен дел на финансиските извештаи


*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211 -262; факс 3126-311;*

***Овластен државен ревизор***

**Агенција за млади и спорт**
**Проект за јакнење на младите преку информации и знаења за подобри можности**
**грант УНЕСКО**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| | | | во 000 денари |
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1. | 19 | 728 |
| **Вкупно тековни средства** | | **19** | **728** |
| **Вкупна актива** | | **19** | **728** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2. | 19 | 728 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **19** | **728** |
| **Вкупна пасива** | | **19** | **728** |

Образложенијата дадени од страна 5 до 7 се составен дел на финансиските извештаи


*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211 -262; факс 3126-311;*
***Овластен државен ревизор***